## Линија за поддршка на постари лица во врска со КОВИД-19

Линијата за поддршка на постари лица во врска со КОВИД-19 ги информира, поддржува и поврзува постарите Австралијанци.

Некои постари лица се ранливи во однос на КОВИД-19, но помалку користат интернет и имаат потреба од информации за нивната положба. Линијата за поддршка на постари лица во врска со КОВИД-19 дава информации и поддршка.

Постарите Австралијанци, нивните семејства, пријатели и негуватели може да се јават на БЕСПЛАТНИОТ БРОЈ 1800 171 866 ако:

- сакаат да разговараат со некого за рестрикциите поради КОВИД-19 и влијание на рестрикциите на нив
- се чувствуваат осамени или се загрижени за некого кого сакаат
- негуваат некого и им требаат информации или разговор со некого
- им треба помош или совети за промена на услугите на нега на стари лица што ги добиваат
- им треба помош да добијат нови услуги на нега или основни услуги како што е купувањето
- се загрижени за себе, за некој пријател или за член на семејството кој има деменција
- сакаат да организираат еднократна или редовна проверка на добросостојбата – нивна или на некој друг.

Постарите Австралијанци, нивните роднини, негуватели, пријатели или поддржувачи може:

- да се јават на **1800 171 866**
- од 8.30 наутро до 6 навечер по австралиско источно стандардно време, во работни денови
- за сите информации или услуги што им се потребни.

Линијата за поддршка на постари лица во врска со КОВИД-19 е заедничка иницијатива на:

- COTA Australia,
- Dementia Australia,
- National Seniors и
- OPAN,
- Со финансиска поддршка од Австралиската влада.

## Поддршка од Преведувачката служба (TIS)

Постарите Австралијанци кои не зборуваат англиски можат:

- да се јават на TIS National на 131 450,
- да побараат преведувач, и
- Да побараат да ги поврзат со Линијата за поддршка на постари лица во врска со КОВИД-19 (Older Person's COVID-19 Support Line) или со телефонскиот број 1800 171 866.